Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Komisioni Shtetëror i Vendimmarrjes në Procedurë Administrative dhe në Procedure të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 21.07.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojca: | Вредност: Vlera: |
| 1005 | 609/1 | | |

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен -Скопје.**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Во врска со доставениот поднесок до вас од наша страна на ден 11-07-2023г. и од ваша страна доставеното известување под Арх.бр.1107-529/4 од 18-07-2023г. а имајќи го предвид чл.9 и другите основни начела од ЗОУП како и чл.2 од Законот за социјална заштита бараме:

**Да ни доставите копија од поднесеното барање за повторување на постапката од 25-04-2023г.** (на кое се повикувате) **и копија од донесеното ваше решение на кое се повикувате УП.бр.1101-549 од 13-07-2021г.**

___________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија** (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- д) друго ___________________________________________
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ___________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:
[redacted]
(странки во наведениот предмети од кои се барат информациите)
___________________________________________
(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)
(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

П О Д Н О С И Т Е Л : [redacted] ____________

[redacted] сх

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка
и постапка од работен однос во втор степен

25.07 2023 година

**Архивски број:** 1005-609/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на ден 21.07.2023 година и заведено со наш број 1005-609/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање.

Со почит,

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Jeton Neziri**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

27.07.2023

1005 608/3

заверено на 31.07.2023

До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - Скопје

Предмет: **укажување со барање**

Во врска со вашето известување под **Арх.бр.1005-609/2 од 25-07-2023г.** ви укажуваме на следното:

Како прво поднесеното БПИЈК е основано и издржано согласно ЗСПИЈК и истото не е само од личен карактер туку и од јавен карактер и интерес ако се има предвид дека за предметот за кој се бара информацијата е од областа на остварување на права од предвидени согласно Законот за социјална заштита а во врска со чл.2 од истиот закон каде е наведено дека остварувањето на тие права е од јавен интерес.

Вие во вашето известување воопшто не дадовте образложение и докази во прилог на вашиот изнесен став.

Воедно како второ доколку не знаете согласно ЗСПИЈК е предвидено да по поднесено БПИЈК се донесува Решение а не известување во кое Решение ќе се даде и соодветно образложение во врска со диспозитивот од истото.

Како трето во врска со вашиот навод во известувањето да ние се обратиме со писмен поднесок (не согласно ЗСПИЈК) во врска со нашето барање ние такво барање претходно поднесовме но вие со ваш допис под Арх.бр.1107-529/4 од 18-07-2023г. неосновано и противзаконски не одбивте да ни ја дадете бараната информација поради што се обретивме со барање согласно ЗСПИЈ по кои вие повторно незнаете законски да постапите или пак свесно со злоупотреба на вашата службена положба и овластување и злоупотреба на правата кои ви припаѓаат во постапката вршите опструкција во истата оневозможувајќи ни да ги оствариме своите права и правни интереси и воедно дополнително ни нанесувате штета и трошоци за докажување на истото за што предјавуваме надомест на штета-трошоци.

Од претходно наведените причини бараме да ни ги дадете побараните информации, да на поднесеното БПИЈК донесете и ни доставите ваше решение и воедно донесете ваша одлука за надомест на трошоци по поднесување на од наша страна барање за тоа.

П О Д Н О С И Т Е Л: [redacted] и сх.

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

07.08 2023 година

**Архивски број:** 1005-609/4

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со укажувањето со барање, а во врска со Известување со наш број 1005-609/2 од 25.07.2023 г. доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Ве известуваме за следново:

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен останува на веќе доставеното Известување со наш број 1005-609/2 од 25.07.2023 г. со кое е постапено по Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено на ден 21.07.2023 г. и заведено под број 1005-609/1.

Со почит,

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Jeton Neziri**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk